АФПЗРР
www.ipardpa.gov.mk

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

# Посета на Заменик Претседателот Бесими на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, д-р Фатмир Бесими, денеска ја посети Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и оствари средба со директорот на Агенцијата, г. Тони Димовски.




На средбата беше дискутирано за актуелната ситуација во користењето на поддршката од Европската унија преку Инструментот за пред-пристапна помош (ИПА) во делот на земјоделството и руралниот развој или т.н. ИПАРД компонента.

На средбата, вицепремиерот Бесими и директорот Димовски ги разгледаа активностите што до сега се преземени, како и следните чекори со цел подобрување на искористеноста на ИПАРД средствата. Исто така, на состанокот се дискутираше колку потенцијалните корисници се информирани за можностите што се нудат преку ИПАРД програмата, за процедурите и за критериумите што треба да ги исполнат при аплицирањето за користење на финансиска поддршка преку ИПАРД програмата, но и за можностите за системско подобрување на ИПАРД структурата.




“Целта е да ги подготвиме администрацијата, институциите, стопанството и корисниците за европските фондови кои во иднина, со нашето членство во ЕУ, ќе бидат значајна поддршка за економскиот и развојот на земјоделството. Од почетокот, кога е дефинирана ИПАРД Програмата, се определивме за инвестирање во сопствените капацитети. Тука има значителен прогрес“, истакна Бесими.

Посебен акцент беше ставен на последниот отворен повик за доставување на барања за користење на средства од ИПАРД програмата 2007-2013, кој што беше отворен на 08 јули, а ќе се затвори на 22 август годинава, особено од аспект на новите можности што се нудат преку 4-та модификација на Програмата одобрена од страна на Европската комисија.

Скопје, 18.07.2013